# Образложение за неконсолидираните резултати за период 01.01. - 30.06.2022 година

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во период за известување нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи на Современ дом АД Прилеп.

**Вкупни приходи**

Современ дом АД Прилеп во периодот од 01.01 до 30.06.2022 година оствари вкупни приходи од 69.725 илјади денари кои се зголемени за околу 36% во однос на истиот период во 2021 година. Во овој период остварен е позитивен финансиски резултат во износ од 9.819 илјади денари и споредбено со истиот период од минатата година е зголемен за 45%.

**Вкупни расходи**

Вкупните расходи изнесуваат 59.906 илјади денари и истите се зголемени за околу 34% во однос на истиот период во 2021 година.

**Исплатени дивиденди**

Со Одлука на Собрание на акционери на Современ дом АД Прилеп од 31.05.2022 година, нето добивката во износ од 675.769 денари е распределена на следниот начин:

- 675.769 денари за задржана добивка за инвестициски вложувања

**Исполнувања на планот и очекувања за претстојниот период**

Современ дом АД Прилеп и во 2022 година планира да го задржи трендот на остварување на позитивен финансиски резултат со целосна определба на зголемување на обемот на работата.

Недвижниот имот што Современ дом АД Прилеп го дава под оперативен наем го користат компании кои се погодени од здравствената и економската криза и се очекува извесно намалување на приходите и посебно потешкотии во наплатата на побарувањата во третиот квартал од оваа година. Но и покрај тоа со оглед на сите мерки кои се превземени од страна на менаџментот, ликвидноста на компанијата не е загрозена.